ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 05.06.2012

# СООПШТЕНИЕ

## Официјализирање на специфичната медицинска едукација на избраните лекари по општа медицина

За прв пат, како пилот проект, **ФЗОМ** годинава иницираше специфична медицинска едукација на избраните (матични) лекари од примарна здравствена заштита од дејноста општа медицина. Истата се реализира преку **Катедрата за семејна медицина при Медицинскиот факултет** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, а во соработка со и целосна поддршка од **Здружението на приватни лекари на Македонија**. **Ова претставува прв проект каде преку заеднички интереси се здружија науката, праксата и финансиите**.

Како резултат од овој проект Катедрата за семејна медицина организира за матичните лекари едукативни работилници за превенција и рано откривање на три најчести заболувања, според медицина базирана на докази, за што се доделуваат сертификати, со кои пред Фондот ќе се исполнат 2% од превентивните цели. (Потсетување - Фондот им исплатува на матичните лекари 70% од средствата согласно бројот на осигуреници и 30% од средствата за реализирање на сите дефинирани превентивни цели за таргетираните осигуреници).

Договорната обврска на ФЗОМ за 2012 година, избраните лекари од април до декември 2012 година од дејноста општа медицина за исполнување на превентивните цели треба да посетат три едукативни работилници за рано откривање и дијагностицирање на **дијабет, нефролошки и ревматолошки заболувања** се официјализира со потпишување на меморандум за соработка помеѓу трите институции. За завршената едукација матичните лекари ќе добиваат сертификат, а Фондот ќе ја смета за реализирана целта, ако лекарите ја исполниле обврската да посетат по една работилница во II, III и IV тромесечие на 2012 година и за тоа добиле сертификат. Сертификатот е акредитиран од Лекарската комора и важи при обновување на лиценците за работа на лекарите.

**Вкупно ќе се реализираат 150 работилници**, кои се одржуваат во Центрите за континуирана медицинска едукација низ Македонија (Скопје, Тетово, Прилеп, Велес и Струмица) во период од втора половина на април до месец декември 2012 година за вкупно **1500 матични лекари**. Се работи во **мали групи од 35-40 учесници** со примена на современи едукативни техники и активно учество на партиципантите, кои на крај се тестираат.

Цел на едукацијата е **избраните лекари да добијат практични знаења, вештини и ставови да можат успешно да ги превенираат, рано дијагностицираат и евентуално третираат** и информираат осигурените лица за овие три најбројни заболувања во РМ (после кардиолошките).

Ефектот од оваа заедничка активност (пилот проект) ФЗО го очекува од втората половина на 2012 година (после првите едукации) односно се очекува **поголем број на осигуреници со рано детектирани заболувања, а со тоа ќе се овозможи поуспешно лекување, стопирање на**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

**прогресија на болеста, избор на терапија со која може да се овозможи поквалитетно живеење.**

**Досегашните позитивни реакции од страна на лекарите за специфичната медицинска едукација, го охрабри ФЗО со своите партнери - Медицинскиот факултет и Здружението на приватни лекари преку официјализирање на соработката со потпишување на Меморандум за соработка да планира продолжување и надградување на проектот и во 2013 година.**

**Меморандумот го потпишаа м-р Маја Парнарџиева-Змејкова и Џемали Мехази, директори на ФЗОМ, проф д-р Никола Јанкуловски, декан на Медицински факултет-Скопје и д-р Лилјана Чолакова, претседател на Здружението на приватни лекари на Македонија**

**ФЗОМ**